**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Бр.08-1461/56**
**12.03.2021 година**
**Кавадарци**

# З А П И С Н И К

За работата на 53-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 12.03.2021 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 53-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
Да утврдиме присутност на советниците. Одиме поединечно.
РИСТО САКАЛИЕВ: Мирјана Гркова
МИРЈАНА ГРКОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ:М-р Горица Пеливанова Вилхем
М-р ГОРИЦА ПЕЛИВАНОВА ВИЛХЕМ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Виолета Димитрова
ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Василка Дрварова
ВАСИЛКА ДРВАРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Весна Ѓорѓиева
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Развигор Кабранов
РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Митко Камчев
МИТКО КАМЧЕВ:Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Анита Каракутова Гинова
АНИТА КАРАКУТОВА ГИНОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Душица Крстиќ
ДУШИЦА КРСТИЌ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Божанка Минова
БОЖАНКА МИНОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Тони Нешковски
ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Драганчо Николов
ДРАГАНЧО НИКОЛОВ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Петар Николов. Тука.
Ташо Радњански до мене. Ристо Сакалиев тука.

Јосиф Стојанов
ЈОСИФ СТОЈАНОВ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Блаже Тасев
БЛАЖЕ ТАСЕВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Трендафилов Никола тука и
Туриманџов Лазар.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Тука .
Констатирам дека кворум за работа има.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ристе може пред да почниме нешто да кажам?
РИСТО САКАЛИЕВ : Може само да си краток.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Најкраток што може да бидам . Како советници еве и Градоначалникот е тука и ти си тука Претседателе нели мислите дека е време да свикаме една ванредна седница за Ковид состојбата у Кавадарци? Нели мислите дека виќе Кавадарци е у ногу лоша здраствена состојба ?Нели мислите дека Кавадарци е виќе станато Вухан?
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Вака сега Ристе уште нешто . Вонредни Совети свикуеме за обични работи . Ќе си ги повикаме сите доктури и дај да видат граѓаните на Кавадарци дека некои иницијативи излеват и од нас . Ако чекаме само шо ќе ни каже Скопје . Дај да си презејме мерки.У Кавадарци е многу лоша работата. Многу лоша .Сакате ка точка да го туриме воа на крајот или да викниме вонреден Совет?
РИСТО САКАЛИЕВ :Ај вака ај да напрајме комуникација со Кризниот Штаб и Градоначалникот и у понеделник или директно Градоначалникот преку Кризниот Штаб некој состанок заедно со советниците .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро со тоа што официјално седницата сеуште не е отпочната да ова како коментар вака е за советниците и за сите како информација и на дневна основа го имаме . Значи Кризниот Локален Штаб функционира на дневна основа и јас еве како советници ве поканувам на секој Кризен Штаб.Имате легитимно право да доаѓате да присуствувате , да ги видите и заклучоците и она што го предлагаме, што се консултираме со Скопје што го носи. Мислам дека не треба да направиме избрзани одлуки, да носиме избрзани одлуки најмалку како некои други општини што направија , а не ги спроведија како одлуки пошто не е возможно да ги спроведиш, а од друга страна централната власт и Владата заедно со Комисијата за заразни болести верувајте дека ни се на дофат како локален Кризен Штаб на дневна основа. Секое утро добиваме податоци за позитивни, секое утро добиваме податоци за состојбата на пациентите, за кластери, за слободни места во Општа Болница кај нас, со Директорот на болницата исто иаме комуникација на дневна основа, сите потреби на болницата и на граѓанството ги овозможуваме во било кој поглед . Сега за сега неаме потреба ниту од дополнителни финансиски ресурси за носење на подршка на здраството , ниту за рестриктивни поголеми мерки од ова што го донесе државата со полициskиот час и со препораките кои што ги има . Доколку мислите дека треба да побараме нешто плус ние можеме да побараме официјално, меѓутоа сакам да дадам информација дека на

дневна основа во комуникација и по мејлови ние бараме плус , бараме да има намалување на полицискиот час порано, меѓутоа тука треба да се земат повеќе фактори во обзир и економијата и социјалата и сите работи и мислам дека таа Комисијата за заразни болести и дека Владата будно ја следи ситуацијата, Загрижувачка е да , далеку е од страшна во Кавадарци. Мислам дека пикот е надминат во моментот, еве само информација за денешниот ден, тука иаме и лекари кои се вклучени, исто и се активни советници, во Општина Кавадарци, само малку извините, значи во моментот во нашата болница имаме сместени 72 пациенти, во стабилна општа состојба , значи неаме ризичен пациент ниеден и морам да ви кажам дека од овие 72 ца пациенти од Општина Кавадарци се само 27, односно извини 31, Значи помалку од пола ,40 % се од Кавадарци, 60% од Неготино и Општина Росоман, така да во моментов имаме и 23 слободни места и воопшто нема простор за паника, централниот довод на кислород функционира , сите ресурси болницата ги има, единствено само тука може да се заблагодариме на целокупниот медицински кадар, лекари,сестри, технички персонал којшто неуморно на секоја втора или трета вечер дежураат по 24 часа. Може да размислиме на локално ниво, со намалувањето на оваа пандемија доколку имаме легитимно право и ситуација да овие лекари, медицински персонал, технички персонал и останатите вклучени луѓе кои што се во директена прва борбена линија со Ковидот да локално ги наградиме некако, финансиски ги мотивираме, а најмалку што можеме да им се заблагодариме, а тоа биде за некое идно време кога воа сето малку ќе се стивне . Вие гледате дека и Германија и целиот свет се затвара полека, веројатно не очекува тоа и нас , меѓутоа тоа не може преку ноќ да се случе и мислам дека како општество Кавадарци веќе има делумен колективен имунитет. Добар е полицискиот час, ја го оправдувам комплетно, еве јас имам тинејџер од 17 години каде што претходно викавме да работат кафиќите до 21 часот , сега што значи полициски час од 22. Значи што сите тинејџери и сите деца у петнаесет за десет , односно 15 за 22 се дома вратени и не прават групирања, не прават журки по викендици, по сите работи кои шо беа најголем ризик за пренесување на овој Ковид вирус. Така да мислам дека еве отворена покана од наредните Кризни Штабови да учествувате активно, само да не паничиме и да носиме мудри и добри одлуки во интерес на општеството.Благодарам.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Градоначалниче благодарам .Значи сето воа е у ред шо ми го кажа ти. Ти ги имаш информациите , ги иаме и ни. Еве шо изјави доктор Коцев Директорот на болницата:

“ Загрижен сум. Остануваат само 19 празни кревети, а од 76 пациенти дури 50 се на постојан кислород, кислород со максимален проток” значи тука има доктури знаат шо значи тоа.Јас не викам ни да бијме, нешто да напрајме пред централната власт , али некои мерки треба да се преземат Градоначалниче. Јас знам дека ти со Кризниот Штаб секој ден работите, дали е тоа доволно, дали не е доволно да напрајме вонредна состојба, ќе ни кажат стручњаците, нека биде и затворена вонредна Седница, да не ги паничиме граѓаните итн. итн. Доктор Коцев има интервју дадено за Фактор, може да го прочитате сите ,

може не е страшна работата, ама алармантна е и ја имам тинејџер и знам се шо прават тинејџерите под девет саатот во кафиќите и ја шетам во градот Градоначалниче и ти шеташ по градот , тоа шо се праве до девет саатот, тоа го нема никаде.Додека млајте не ги туриме у ред, ка шо беше до 18 часот ништо не прајме . Млајте ова не го сеќават , ама старите они си знаат. Мора некои мерки да испаднат од нас. Мора. Кавадарци е лоша работата. Благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро може еве како предлози наредната недела понеделник попладне да напрајме една координација , ако може да ја крстиме координација меѓу сите советници , ја би ги вклучил и пратениците како легитимна централна власт , да не биде од масовност да се одберат повеќе стручни луѓе, еве лекари имаме тука , луѓе поупатени, каде што по протоколи, во краток временски рок би издискутирале , би направиле комуникација со Централниот Кризен Штаб и со Комисијата за заразни болести и со Министерот за здраство, па доколку извлечиме некои други мерки стоиме на располагање да го видиме .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:Регионално. Нека праат нешто регионално . Кавадарци и Неготино. Сега сме ни најзагрозени..Добар е тија предлог, нека доат и пратениците ....
ГРАДОНАЧАЛНИК: Размислувано е и тоа . Морам уштеееднаш да се заблагодарам на наште угостители, колку и да ги критикуваме, колку и да сакаме да ги негираме , нашите угостители, сите угостители како Здружени Тиквешки Угостители стојат на располагање и кажаа дека доколку вие како Градоначалник и Совет одлучите дека треба солидарно една недла , две недели да ги затвориме објектите , ќе го напрајме тоа .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Значи јас Градоначалниче не го критикуам никој да не испадне дека сум грешка сфатен и да се пренесе дека Лазар Туриманџов речи вака или нака.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не, не не.Апсолутно.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Треба да се испоштуаат мерките. Нив му е дозволено да работат до 21 часот и они си работат .Јас знам дека луѓето си имат трошок, си имат вработени, си плаќат плати, си плаќат придонеси, мене ми е млајте тоа не го запазуат. Ти не може у еден објект ка ќе влезат сто млади ти да туриш ред , тоа е невозможно.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Баш тоа го зборуам.Значи не сакам никој лично да каже дека некој критикуе или не, јас сакам да кажам дека солидарно нашите угостители дадоа рака и рекоа доколку треба ние ќе ги затвориме времено нашите објекти недела или две, меѓутоа опасноста во координација со Комисијата за заразни болести и со Централниот Штаб дека нашите деца и сите полнолетни граѓани, ќе одат на кафе, на ручок во Велес, ќе одат во Прилеп, ќе одат во Штип , тоа не може да го ограничиме ние локал, ние локал еве ќе ги затвориме сите, денеска ќе земат четири другари ќе одат у Велес на кафе, така да мора да се разгледаат сите аспекти од сите можни работи . Регионално затварање е невозможно доколку или пак треба да им забраниме на граѓаните на Кавадарци да излегуваат надвор. Не е за така работата.

Мислам дека требе еве понеделник попладне јас ќе иницијатирам состанок , ќе ви пуштиме пораки на сите кој е слободен да се избрифираме. и да видиме шо може ,. ќе го поканиме и Директорот на болницата и сите да напрајме еден заеднички состанок, кој што после тоа може да заврше и со заклучоци и со предлози до централната власт или до најмалку информација за јавноста. Добра е иницијативата, а прифаќаме у понеделник попладне, после работно време ќе го закажиме .Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги можеме ли да одиме со Седницата ?

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 52-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

  Дали има забелешки по Записникот од 52-та Седница на Советот на Општина Кавадарци? Нема.

  Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 52-та Седница на Советот на Општина Кавадарци?

  Против и воздржани нема. Едногласно сите за усвојување на Записниколт од 52-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година;
2. Годишен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2020 година;
3. Предлог- Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
4. Предлог-Одлука за отпис на побарувања по основ на данок на имот за правни лица;
5. Предлог-Одлука за отпис на побарувања по основ на комунална такса за истакната фирма;
6. Иницијатива изменување и дополнување на Деловникот на Совет на Општина Кавадарци;
7. Предлог-Решение за формирање Комисија за Деловник на Совет на Општина Кавадарци;
8. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија и Општина Кавадарци – корисник Центар за управување со кризи Кавадарци со недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци;
9. Предлог-Одлука за укинување на Одлука за определување на населените места без јавно осветлување и ослободување од плакање на комунална такса за јавно осветлување;
10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;
11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

12. Предлог-Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци(сепариран песок);
13. Предлог- Одлука за примање донација – изразена како јавен превоз на патници од страна на Друштво за производство, трговија и услуги “ФУЛАКИС” ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци(превоз) **;**
14. Предлог-Одлука за примање донација од ЈБД ЕКСПРЕС ДООЕЛ Кавадарци(превоз);

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука за примање донација за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци (превоз), согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред.

Нема воздржани, нема против.Едногласно за .

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

15. Предлог-Одлука за примање донацијаза примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци(превоз);

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка

16.Предлог-Одлука за примање и давање на донација – Персонални Компјутери од НЛБ БАНКА АД Скопје;

согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред.

19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

16.Предлог-Одлука за примање и давање на донација – Персонални Компјутери од НЛБ БАНКА АД Скопје;

17. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

18.Известување со арх.бр.22.23.6-925/1-21, за работата на Одделението за внатрешни работи-Кавадарци, за 2020 година;

19.Годишна сметка на СОУ Гимназија,,Добри Даскалов,, Кавадарци за 2020 година;

20.Годишна сметка на СОЗШУ,,Ѓорче Петров,, Кавадарци за 2020 година;

21.Годишна сметка на СОУ,,Киро Спанџов -Брко ,, Кавадарци за 2020 година;

22.Годишна сметка на ООУ,,Тошо Велков -Пепето ,, Кавадарци за 2020 година;

23.Годишна сметка на ООУ,,Страшо Пинџур ,, Кавадарци за 2020 година;

24.Годишна сметка на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, Кавадарци за 2020 година;

25.Годишна сметка на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, Ваташа за 2020 година;

26.Годишна сметка на ООУ,,Тоде Хаџи -Тефов ,, Кавадарци за 2020 година;

27.Годишна сметка на ООУ,,Гоце Делчев ,, Кавадарци за 2020 година;

28.Годишна сметка на ООМБУ,,Лазо Мицев -Рале ,, Кавадарци за 2020 година;

29.Годишна сметка на ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци за 2020 година;

30.Годишна сметка на ЈОУ Дом на култура,,Иван Мазов -Климе,,Кавадарци за 2020 година;

31.Годишен Извештај со арх.бр.02-38/1 од 25.02.2021 година, за работа на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов-Климе,, Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов-Климе,, Кавадарци;
32.Годишна сметка на ЈОУ Библиотека,,Феткин,, Кавадарци за 2020 година;
33.Извештај со арх.02-35/2 од 24.02.2021 година за работа на ЈОУ Библиотека,,Феткин,, Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Библиотека,,Феткин,, Кавадарци ;
34.Годишна сметка на ЈОУ,,Локален Музеј Галерија,,Кавадарци за 2020 година;
35.Годишна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2020 година;
36.Годишен Извештај со арх.бр.02-19/3 од 22.02.2021 за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци ;
37.Годишна сметка на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за 2020 година;

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на подружница на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ ,, Кавадарци;

Има ли против, воздржани? Не. 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка со реден број

38.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на подружница на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ ,, Кавадарци;
39.Одлука со арх.бр.03-66/3 од 18.02.2021 година, за отуѓување на стари и неупотребливи ствари, донесена од Управен одбор на ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци ;
40.Годишен Извештај за работа на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
41.Годишна сметка на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2020 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
42.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на мини пазарче даден на времено користење на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци за вршење на дејноста со арх.бр. 02-2536/6 од 27.12.2019 година;
43.Одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за комунални работи,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Управен Одбор Кавадарци;
44.Одлука за изменување на Одлуката за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци;
45. Одлука со арх.бр.02 02/4 од 11.11.2020 година за усвојување на Статут на КСП Подиум –Јадро, Кавадарци, донесена од Управен Одбор на КСП Подиум – Јадро, Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Завршна сметка на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци за 2020 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани воздржани и против? Не. 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 46

Завршна сметка на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци за 2020 година;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Годишен Извештај за постапување со отпад ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Нема воздржани и против. 19 за .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 47

Годишен Извештај за постапување со отпад ;Предлог-Одлука за давање согласност за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија и Општина Кавадарци – корисник Центар за управување со кризи Кавадарци со недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци; Предлог-Одлука за давање согласност за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија и Општина Кавадарци – корисник Центар за управување со кризи Кавадарци со недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци; Предлог-Одлука за давање согласност за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија и Општина Кавадарци – корисник Центар за управување со кризи Кавадарци со недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци;Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за прифаќање и реализација на проектот,,Градска Винотека"

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Нема против, нема воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 48

Предлог-Одлука за прифаќање и реализација на проектот,,ГрадскаВинотека".

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за усвојување на предлозите за уписна политика за Средните Општински училишта во Општина Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Нема против, нема воздржани. 19 едногласно за .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 49

Предлог-Одлука за усвојување на предлозите за уписна политика за Средните Општински училишта во општина Кавадарци.

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци движна ствар-автобус на едно ниво.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Нема воздржани, нема против, 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 50

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци движна ствар-автобус на едно ниво.

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за отстапување на трајно користење без надоместок, недвижна ствар-пречистителна станица за вода за пиење на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Нема воздржани, нема против. 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 51

Предлог-Одлука за отстапување на трајно користење без надоместок, недвижна ствар-пречистителна станица за вода за пиење на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Нема против, нема воздржани, 19 за .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 52

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за давање на користење на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Воздржани, против нема 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 53

Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за давање на користење на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Нема против, нема воздржани, 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 54

-Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Одлука со арх.бр.02-39/2 од 19.02.2021 година за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема, донесена од Училишен Одбор на ООУ,,Гоце Делчев,, Кавадарци,,

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Нема воздржани, нема против. 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 55

Одлука со арх.бр.02-39/2 од 19.02.2021 година за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема, донесена од Училишен Одбор на ООУ,,Гоце Делчев,, Кавадарци,,

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.
Ако имате за измена и дополнување, ако не ваквиот дневен ред го ставам на гласање.
Едногласно 19 за.

Колеги одиме сега со заедничка расправа на првите три точки, а потоа поединечно гласање.
1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година
2. Годишен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2020 година
3.Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година .
Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ја, ја .
РИСТО САКАЛИЕВ: Се извинувам колега Туриманџов повели за збор.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:Очекувам Градоначалник да ни даде не мора опширно образложение за завршната сметка на Општина Кавадарци и ме интересира вака како граѓанин спрема правни лица колку дугујме како Општина.Знам дека е тоа тековно, али информативно така у интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги дали и некој друг колега сака по овие три точки да постави прашање Градоначалникот да оди одеднаш на сите колеги да одговара , да не одиме поединечно за се . Дали бара друг збор? Не бара. Доколку не бара, повели Градоначалник.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Така Претседател на Совет, почитувани советници, почитувана јавност Општина Кавадарци Годишната сметка за Буџет за 2021 година којашто ја разгледувавме нели и на претходниот ребаланс на носењето на буџетот . Прво морам да потенцирам дека , да кажам дека над 85 % има реализација во приходи и расходи. Можам да тука воведно да кажам дека Општина Кавадарци во 2020 година има голем дел на реализација на капитални објекти од големо значење суштинско за Општина Кавадарци и ќе ги потенцирам вака поголемите тоа е улица Шишка со над 32 000 000 денари инвестиција на Општина Кавадарци , тоа е Западен Булевар кај Коњските Дупки односно пробивање на улицата после Ресавска , правење на булеварот до Кавдаречки Дол со инвестиција од 25 000 000 денари, правењето на градските фасади и уредувањето на градскиот изглед на фасадите со инвестиција од 6 000 000 денари капитално, реконструкција на улици и патишта од над 25 000 000 денари и селски и порурални средини во делот на поплочувањето, изградбата на две соблекувални кои што се отпочнати, значи малтене целокупната инвестиција која што Општина Кавадарци ја направи ланската година е околу 350 000 000 денари во делот на капитални инвестиции. Со оглед на тоа што има реализација 85 % од приходи и расходи, тековно Општина Кавадарци си ги надмирува обврските према сите нејзини коминтенти и партнери, така да во делот на ако прашаме како ја реализираме финансиската конструкција во Општина Кавадарци можам слободно да кажам дека во рамки на Законот и во рамките на оние договори кои што ги имаме склучено со нашите коминтенти и носители на договорите во рамките на Законот од 60-90 дена рок на плаќање. Немаме проблем ниту со еден во тој дел, единствено доцнење имаме, од оправдани причини пак би рекол, за тоа што знајте ланската година беше изборна парламентарна година во делот на

реализација на проектите кои што се подржани од Агенцијата за рурален развој за подршка на земјоделието, а тоа се двата големи проекти, едниот проект е во село Сопот реконструкција на водоводна и атмосферска канализација од 16 000 000 денари којшто сеуште не е исплатен, од наша страна како Општина ДДВ-то од 3 000 000 денари е платено, Агенцијата за рурален развој треба во тек на месец март да го исчисти добавувачот, патеката за Моклиште која што ја имаме од Општина Кавадарци проектот е платен и реализиран како проект, експропријацијата на земјиштето со 56 странки е во тековна постапка делумно реализиран, а делумно во процес, ДДВ-то во делот на инвестициите од 32 000 000 денара кое што е 20% или 4,5 000 000 денари Општина Кавадарци ги има подмирено, ги чекаме средствата од Агенцијата за рурален развој да ги префрлиме на добавувачите, исто така колекторскиот систем кој што лани го реализиравме е целосно исчистен и доплатен , останува Кејот кој што се работи од Силекс па до Ваташа којшто е инвестиција од 24 000 000 денари кој што до сега го имаме реализирано со 5 000 000 денари, али таму е двогодишна набавка, така да набавката ќе си оди сукцесивно, односно исплатата . Морам да кажам дека лани реализиравме голем проект и во делот на уличното осветлување, доизградба на 12 км нова линија , реконструкција на повеќе од 700 светилки и реконструк односно изградба на нова нисконапонска мрежа со комплетна автоматика и со палење и гасење по астрономски календар. Видливо е тоа во Општина Кавадарци вклучувајќи ги булеварите и сите приградски и селски средини, таа инвестиција беше од 60 000 000 денари каде што Општина Кавадарци во месец ноември исплати 15 000 000 денари по завршувањето на инвестицијата, а другите средства се на 36 еднакви месечни рати коишто до денеска Општината си ги запазува. Морам да кажам дека од претходната структура на раководство во Општина Кавадарци наследивме кредит од 35 000 000 денари , сега иаме само уште долг од 8 000 000 денари, така да во овие три години вративме 6 рати , кои што доспеваа и достасуваа за кредитот. Општина Кавадарци во моментот оперативен долг со кој што располага према добавувачи е некаде околу 50 - 60 000 000 денари зависност од делот на реализација на ситуациите и од делот на реализација на приходите . Така да со самото наше доаѓање на функција како Совет и Градоначалник ние наследивме малтане иста ситуација како и сега . Така да слободно можам тука да потенцирам и да кажам и тоа го гледате вие во Годишниот Буџет и во Извештајот дека долгот на Општината не е зголемен во однос на претходниот дел на работење, а видливо се зголемени капиталните инвестиции, видливо е зголемена реализацијата на Буџетот на Општина Кавадарци и видливо се зголемени активностите на ЈП Комуналец кој шо исто така е во добра финансиска кондиција којштo ги гледавме како Годишна сметка на Буџетот . Општина Кавадарци со 400 000 000 Оперативен Буџет и со овие вакви тековни активности , мислам дека е во една од подобрите општини . Тоа го видовте и на самиот Извештај кој што пред неколку денови беше објавено јавно на медиумите, преку ЗЕЛС и преку Министерството за Локална самоуправа дека сме рангирани на трето место во делот на реализација на буџетот, во делот на приходи и расходи, каде што за жал имаше општини кои шо како на пример би го спомнал Арачиново, кој што воопшто не функционира ниту во делот на данок, ниту во делот на реализација, на прво место беше Општина Центар, во Скопје што е најнормално да биде, затоа што таму се најголемите

ивестиции и најголемите пазарни дејствија. Општина Кавадарци оваа година очекува доста капитални инвестиции, покрај стадионот и сите други работи кои што ги набројавме очекуваме со Законот нов кој што треба да се донесе во Парламентот да трајно ги решиме објектите коишто ги имаме од Новиот Суд, Младински, Пионерски и таа цела парцелизација, урбанизација на цело тоа земјиште и мислам дека како Општина барем во моментот и наредната година неаме проблем во делот на финасиската конструкција. Озборувањата и на дневната основа критиките коишто ги слушаме дека Општината е презадолжена, преова, преова се неосновани , тоа вие како советници мора да се грижите за таа работа, вие сте коректор на Општината и на Градоначалникот и на сите, така да одговорноста ни е заедничка и јас лично и одговорно тврдам дека Општина Кавадарци е во солидна општа финансиска состојба, една од поретко малкузадолжените општини во цела наша Република . Така било, така и ќе остане. Единствен капитален поголем објект од 100 000 000 денари тоа е пазарот, кој што земавме кредит, али од тој кредит немаме повлечено до овој момент ниту еден денар за тоа што пред 15 дена се воведија во работа, како ќе се врши изготовката на пазарот и самата негова изградба сукцесивно со ситуации и ќе се повлекуваат средства. Така да тие средства не се повлечени, стојат на посебна сметка, не плаќаме камата во моментов, не плаќаме ништо како ќе се гради пазарот така ќе се влечат. Така да мислам дека тоа е она што беше прашањето во делот на финасиската конструкција .Благодарам.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Благодарам Градоначалниче и треба да знајме дека Кавадарци е максимално подржано од централната власт за сите добри проекти. Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник на исцрпното излагање. Ние како советници сме задоволни од реализација на Буџет и оставрување и не се плашиме дека сме задолжени ради тоа што државата има инструмент и дава задолжување на општините толку колку што тие можат да поднесат.Некогаш мора да се
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Добра е Претседателе после Градоначалникот ни објасна се
РИСТО СКАЛИЕВ: Колега да ти се заблагодарам и тебе , ама и јас сакам
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ти го повторујш воа
РИСТО САКАЛИЕВ:Не го повторуам , него
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Па си ја враќаш се работе у Кавадарци само ни сејме тука на компјутерот
РИСТО САКАЛИЕВ: Сите работиме
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: А иначе ситуацијата е ногу со ковидот стабилна у градот
РИСТО САКАЛИЕВ: Ковидот е божја работа не зависи од нас . Колеги доколку нема друг за дискусија да одиме со гласање по точка број еден . Има ли воздржани и против? Нема едногласно 19 за.
По втората точка има ли воздржани и против? Нема едногласно Годишниот Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2020 година едногласно усвоен.
3.Предлог- Одлука за распределба на средства од Буџет на Општина Кавадарци за 2021 година .
Има ли против и воздржани? Нема. Едногласно 19 за.
4.Предлог-Одлука за отпис на побарувања по основ на данок на имот за правни лица

Отварам расправа. Дали бара некој збор? Не бара никој.
ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Претседателе овие правни лица у стечај ли се, компаниите ли им се затворени, не можат да наплатат?
РИСТО САКАЛИЕВ: Тие сите начини се исцрпени за наплата, тие се ликвидирани фирми, не постојат и ради тоа ние мораме да ги отпишеме да не ни стое на салдо на Општина дека треба дека има побраувања. Сите отпишувања се прават по таков основ и на физички и на правни лица.
Колеги ако не бара друг збор по ваа точка одиме со гласање . Има ли воздржани и против? Нема едногласно за.
5.Предлог – Одлука за отпис на побарувања по основ на комунална такса за истакната фирма
Одиме со расправа. Дали некој бара збор?
ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Исто и воа ?
РИСТО САКАЛИЕВ: Истото го одговорив. Значи тие фирми се ликвидирани, ставија реклама, не платиле, се преземени сите мерки и судски и вакви и такви и кога не постое фирма, нема од кој да наплатиме, истото како што го гласаме за физички лица така оде и со овие посебни... Дали некој бара збор по оваа посебна точка ? Не бара никој одиме со гласање
ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Претходната точка беше данок на имот за правни лица, не физички ?
РИСТО САКАЛИЕВ: Да, да овие ти е правни лица , исто и за фирмите
ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: А за физички лица, ај добро фала.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги нема забелешки одиме со гласање. Против, воздржани? Нема, едногласно за.
6.Иницијатива изменување и дополнување на Деловникот на Совет на Општина Кавадарци
Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој одиме со гласање. Воздржани и против? Нема 19 за.
7. Предлог – Решение за формирање Комисија за Деловник на Совет на Општина Кавадарци
Колеги отварам расправа. Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Воздржани и против нема, 19 за.
8. Предлог- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Севернеа Македонија и Општина Кавадарци- корисник Центар за управување со кризи Кавадарци со недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци
Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема, едногласно 19 за.

9. Предлог-Одлука за укинување на Одлука за определување на населените места без јавно осветлување и ослободување од плакање на комунална такса за јавно осветлување;
Отварам расправа. Дали некој бара збор? Нема никој за збор. Одиме со гласање. Воздржани и против дали има? Нема 19 за.
10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;
Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Воздржани и против нема, 19 за.

11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема 19 за.
12. Предлог-Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци(сепариран песок);
Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој збор. Нема воздржани и против, едногласно за.
13. Предлог- Одлука за примање донација – изразена како јавен превоз на патници од страна на Друштво за производство, трговија и услуги "ФУЛАКИС" ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци(превоз) **;**
Не бара никој збор. Одиме со гласање . Нема воздржани и против, 19 за.
14.Предлог-Одлука за примање донација од ЈБД ЕКСПРЕС ДООЕЛ Кавадарци(превоз);
Отварам расправа. Нема никој за збор. Ја ставам на гласање, нема воздржани и против, 19 за.
15. Предлог-Одлука за примање донација за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци(превоз);
Одиме со гласање, 19 за .
16.Предлог-Одлука за примање и давање на донација – Персонални Компјутери од НЛБ БАНКА АД Скопје;
Отварам расправа. Не бара никој бара збор. Одиме со гласање. Нема воздржани и против, 19 за.
Од име на Советот и од општинската администрација се заблагодаруваме на досега прочитаните донатори за јавен превоз и песок.
17. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;
Отварам расправа.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Јас сакам Ристо.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега Туриманџов повели .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Дали имаше некој дали се јави, дали му го земав редот?
РИСТО САКАЛИЕВ: Не, не Градоначалникот, ама ти со предност. Градоначалникот за крај да не има и некој друг што треба да праша.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Нема Совет, а ни да немаме некоја одлука за изменување и дополнување на зонското паркирање. Значи нема Совет. Тоа трае вике една година. Сега гледам дека "ПАРКИНЗИ КАВАДАРЦИ" сака да го направат терминот до 22 часот да се наплаќа. За мене тоа, мислам дека е неприфатливо. Предходниот Совет мислам дека му одобриме средства од Општина Кавадарци мислам дека 6 000 000 денара беа. Знам дека се у мноу незавидна ситуација. Не знам тука ВД Раководителот дали е уклучен или не е незнам. Знам дека со полициски часови, со сето тоа претпријатието се доведи до многу незавидна ситуација. Но вака . Нашето претпријатие има вработено околу 42 или трујца поправите ме ако не е точно, од тија 42 трујца, 14 луѓе се испаднати на терен , 14 луѓе , на луѓето се прае константен притисок биле намалени пораки , било намалено воа , било намалено тоа . Вака да ви кажам луѓе и претходно кажа Градоначалникот се прае еден огромен капитален објект,што се вика пазар у Кавадарци. Пазарот ни беше у строгиот центар, со работењето на пазарот најнормално е да се зголемат и пораките за паркинг. Значи ако немаш

еден таков огромен објект во центарот, најлогично е пораките да паднат, ако паднат пораките не се криви овие 14 луѓе , луѓето не се виновни за ништо . Друго слушам, до мене стигат разноразни информации коишто стигат до вас , казни , по истите овие 14 луѓе, значи кмплетниот притисок на "ПАРКИНЗИ КАВАДАРЦИ" е врз овие 14 луѓе , имиња не сакам да спомнувам, тоа за наши граѓани, а претпријатието на овие исти 14 луѓе ќе му у размислување е да му туре таргет за порака. Тоа е недозволиво. Ако некој се паркира, ќе има порака, ако не се паркира, ќе добие блокатор, ако нема коли, како луѓето ќе пуштат пораки, што се луѓето овие 14 луѓе криви. Друго се наговестува апликација да му уградат на луѓето на телефоните за кој колку ќе чекори ќе дадел у текот на неговото работно време од 8 часа. Значи за мене воа е неприфатливо , неприфатливо. Шо прајме ако тија истиот телефон или апликација луѓето му го даат на некој маратонец и тој истрча 50 км за 2 саати . Значи вака .Еве еден апел до раководителот, вд раководителот на ПАРКИНЗИ. Имате 30 луѓе у администрација, ќе си облечите елеците, ќе се пуштите меѓу народот , да ве видат луѓето, сега ќе прајте и ќе Општина Кавадарци ви дади и обележувањето да го прајте, па можите еве да ги земите четките у раците и ви да бележите нешто, не само сет притисок да биде на овие 13-14 луѓе, му се закануат таму со бркање од работа, со ова, со нова., значи ако некој не си ја брка работата треба да си оде, а не некој ќе си ја брка работата, а паднале пораките, не е тој човек крив и уште една работа да ви кажам на инцијатива на овој Совет ја прифана Градоначалникот сега скоро се издејствува кабини да се напраат четири, мислам дека се у функција, две беа у функција, мислам дека и тија другите две се направени, ако видат човек со елек таму, не мора одма да го сликат, не мора одма да му се јавуат на човекот, тија човек може му се качил притисокот, па седнал 5 минути. Заради сето воа ја ќе гласам против и не сум да се зголеме наплатата на паркирање до 22 часот, па плус тоа и у сабота е до 22 часот. Ја ќе гласам против воа од принцип. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги дали има друг за збор? Нема. Доколку нема, појаснување од Градоначалникот. Повели градоначалник

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:Има, има. Претседателе може ли ја да се приклучам на дискусијата?

РИСТО САКАЛИЕВ:Анита се извинувам може. Како нема да може. Повели.

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Вака ја би сакала исто го делам неговото мислење, значи у делот на теретот е целосно на тие со елеците и луѓето што се на терен. По мене сметам дека е бројна администарцијата, можеби треба да се размислуе у таа насока, со оглед на тоа шо претпријатието нели е у финансиски проблеми и го санираме цело време и да не биде притисокот врз нив. Какви се тија дисциплински постапки на луѓето, значи ко ќе ги видам они се за жалење, на ветер , на снег, на дожд , на 50 степени , ги вреѓат , ги плукат , шо не им праат и сеа уште по нив да биде и стапот по наше речено кавдаречки. Не е во ред. Градоначалник една молба значи да се виде таму какви се состојбите и да се поправат у корист на работниците , да не биде каа вицот нели

како беше, ка се зголемуе еден по еден се отпушта и на крајот се отпушта работникот ,а сите останати шо пишат си седат таму. Благодарам.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ристе г-ѓата Гинова Каракутова само мала, еве ми се потврди актот значи дека тука нема политика ,сакам тоа да му биде јасно на луѓето, еве и г-ѓата Каракутова , значи нема тука политика, нема тука

ништо, значи 45 души да имаш вработено, а да имаш само 13-14 контролори .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не е така еве сеа ќе одговориме
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Мислам дека не е у ред . Благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК:Ајде вака сега значи
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: И Градоначалниче ако 60 000 000 денара сме му одобриле извини што те прекинав, запамти си ја мислата . Ако 6 000 000 претходниот Совет сме му одобриле за плати, значи тоа се пари од граѓаните на Кавадарци, е сега не мора граѓаните на Кавадарци да плаќат пак до 22 часот. Ако не бива нешто, ако не оде нешто значи се знае, прво се намалуат трошковите, ако можат да ги намалат трошковите, ако не можат да ги намалат трошкоците нека си одат па на намалување на вработените, ама тоа да се почне од администрацијата, а не од работникот , што кажа и г-ѓата. Благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве ќе одговорам децидно и конкретно со бројки и со аргументи и со се. Прво во делот на вработените. Не е точно дека само 14 се на терен, администрација има само 12 луѓе вклучувајќи го хигеничарот и директорот, 12. Пајак служба немој да ја третирате администрација бре луѓе, 6 луѓе се у пајакот, тоа не е администрација .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: 13-14 луѓе ти носат елеци, 13-14 луѓе се на константен притисок на кавдарчани.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Е де сега да кажам,ај ве молам. Ајде да ви ја кажам структурата на претпријатието си има Управен Надзорен Одбор што учествујте и глеате само 12 луѓе се у администрацијата , вклучувајќи го и директорот, 6 луѓе се во ПАРКИНЗИ, 4 луѓе се во функција на депото кај што ги оставаме возилата , тоа не е администрација , 14 луѓе се по реони поделени за контрола на наплатување и пуштање на смс пораки или талончиња, 4 луѓе се на терен за вадење и ставање на шепи, така да воопшто не е дека сите се администрација . Второ теретот е подеднакво споделен према сите и од овие 14 луѓе, сега тројца ќе излезат, ќе работат бележење на улици, како што работеа и лани . Друго контролата према вработените и законски како и во Општина Кавадарци, исто почитувана Анита како и во Царината мора да имаме работно време, мора да знајме во еден момент каде сме, не значи дека треба да седиме во кафана или да седиме во некојси дом да ни поминат 4 часа, тука да бидеме на чисто .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Знајш дека не е така Градоначалниче
ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да докажам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Кога давам збор да не си дофрламе заради ефективност
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да, Во делот на таргет, таргетот се поставува врз основа на правење на финансиска анализа на претпријатието. Никој нема никој да го обесе , ниту пак да го казни , ниту пак ќе дозволам некој да биде казнет доколку нема паркирање, таман работа.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Е па треба да му го објасните на луѓето воа .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве го објаснувам и ги охрабрувам одма , ако некој биде казнет ради таргет за порака , лично јавно да испадне у јавноста и кај мене и било каде , тоа нема да се случе.
Четврто имаме луѓе во трите технички воа шо ги викате администрација од 8 -16 часот, кои шо се физички присутни во техничките станици за регистрација, тоа не е администрација, тие се таму присутни, секој еден кој шо ја регистрира колата , тој го понудува со годишна карта, со попуст, со

укажување на паркинзите. Тоа е работа. Во делот на функционирањето на претпријатието со работното време, ја незнам кај вие видовте дека сега го покачуваме работното време, напротив од 23 го намалуваме на 22 часот и уште подобро недела ја ослободуваме од плаќање. До вчера беше недела да си плаќаш, сега недела ја ослободуваме од плаќање. Зошто? Не само заради граѓаните, туку да му дајме слободен ден и на нашите вработени да му биде недела слободен ден, значи во недела нема да има плаќање во Општина Кавадарци, досега имаше. Претходно летниот период беше до 23, сега го намалујме 22. Значи имаме класично намалување. Претпријатието не е во лоша завидна ситуација. Во Кавадарци една урбана средина, кај што се изградија толку работи имаме за првпат последната година ниво на паркирање и ниво на сообраќај. Прочитајте го Извештајот од Сообраќајната полиција. Колку се намалени рестриктивните мерки во делот на казнување од полиција, а тоа е благодет на можноста за паркирање . Порано немаше таква можност, секој еден беше шериф во градот , си ја паркира колата , ќе си пие кафе по 5 саати , по 6 саати никој не може да му рече ништо, сега не е така , сега има слободни паркирања, сите се дисциплинирани во делот на паркирањето и во делот на сообраќајот, во Кавадарци сите автобуски постојки се слободни, претходно не беа автобуските постојки слободни, не можеше автобусот да застане , да каче деца , да каче патник , во Кавадарци сите инвалидски места се слободни во моментов, пред пешачки, по пешачки , во дел на раскрсница. Имаме култура на ниво. Дали си слушнал последнава година дена од кога постое претпријатието да има колона од закрчен сообраќај, свирење, карање меѓу граѓаните и такво нешто, јас лично такво нешто немам видено, секој ден сум во центар на градот, претходно беше ужас ситуацијата во тој дел. Така да нема да го гледаме претпријатието само од приход, туку ќе го глеаме и од култура, од нивото на сообраќајот, еден град со 40 000 жители, кој што заслужува да има сообраќај. Појди во Велес , кај што не можат да го решат сообраќајот, не знам зошто , уште немат дозвола за зонско паркирање, појди во Велес најди место да паркираш и заврши работа, мислам дека нема да завршиш саат време само со паркирање . Кавадарци го надмина тоа, симболични се цените и за граѓаните и за корисниците, секаде има обележан паркинг, обезбеден паркинг, осветлен паркинг и кога ќе се изграде и пазарот со нови 130 паркинзи ние ќе бидеме град кај што ќе ни фалат автомобили за паркирање. Она што го кажавте дека ќе имаат контрола луѓето каде движат и колку движат, да не се роботи луѓето, имат право секој да одморе, си има протоколи за работа , како вие и ние, така да јас секогаш ги застапувам правата на вработените, ама и обврските нивни кои што треба да ги спроведат во делот на нивното секојдневно работење. Сами знаете дека ако земиме и споредиме и Општината и сите јавни претпријатија колку работат сега, колку работеле пред 3 години се потроши само, се зголеми потрошувачката на хартија пошто имаме само илјадници и илјадници предмети кои што ги спроведуваме и немаме Совет под 50 точки. Овие точки произлегуваат од работа на администрацијата , од работа на јавните претпријатија не произлегуваат од ништо друго. Значи видете ги убаво работиве , станува збор за недела за ослободување од наплата на паркинг и намалување од 23 до 22 часот за паркирање, дури сега можеме алтернативна мерка да донесиме паркирањето да го намалиме и до 21, затоа што 22 е полициски час, тие луѓе треба виќе да бидат дома. Така да не станува збор за зголемување, а во овој дел за загриженоста за

вработените ве оправдувам комплетно, ниту еден менаџер, ниту управител нема да врши тортура ниту на еден вработен, поготово што зимаат таму плата 18 000 денари луѓе на минималец се на некој начин, така да ја ги застапувам комплетно и ве оправдувам во тој дел да сега новиот вд директор кој што го имаме, можеби си прави план и се, али тоа нема да биде терет на граѓаните и на терет на вработените, секој ќе си даде објективно толку колку што треба да допринесе во делот на работењето . Мислам дека таму без разлика на начинот на вработени, да 40 вработени се вкупно, со депото, со пајакот и со се, иаме среќа мислам шо лош човек неаме вработено, ете може сме направиле добар избор и во делот на вработувањето и во конкурсот , се одговорни луѓе, луѓе кои што секојдневно работат и работат одговорна работа, неблагодарна работа, каде што секој еден граѓанин може да му укаже и да му каже за тоа што кога некој ќе го удареш по џепот затоа што не платил навремено паркинг или не пуштил порака трпат навреди, јас еве јавно ги повикувам граѓаните да немаат таква омраза према вработените, пошто тие само си ја работат нивната работа и нормално носат плата на месечно ниво за нивните семејства. Благодарам пак.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Добро Претседателе, Градоначалникот мене ми е јасно дека ќе ја бране политиката, тоа е јавно претпријатие, он е Градоначалник, он е татко на градот, мора да биде така , али нигде не спомнав дека некој на некого му прави тортура, тоа не го спомнав, има записи, ќе го вијте тоа, али не е лошо, не е на одмет да се знаат некои работи ипак Кавадарци е мал град и јас знам дека. Молим

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас не дозволувам Кавадарци да биде мал град.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Добро. Ипак сме мал град . Секој со секој се знае. Нели Градоначалниче секој може да не добие на телефонот, ние сме мал град , и мене и тебе и сите се знајме и шо ми беше зборот , ми избега мислата сега , не спомнав тортура никаде али не е значи не е на одмет овие вакви работи да дискутират, ни никој, јас никој не го нападнав , ни некој реков лошо менаџира или воа праe, али треба да се растерете притисокот на овие директно луѓе шо се у контакт со граѓаните и мене ми е јасно дека пред една година ни немаме паркинг претпријатие, па беше хаос, баш за тија хаос , ни го направиме воа јавно претпријатие, да биде Кавадарци среден град . Благодарам уште еднаш .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колега

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:А ќе гласам против. Од принцип ќе гласам против .

РИСТО САКЛИЕВ: Колеги дали бара друг збор? Колега ние сите одлуки шо треба да ги спроведе Комуналец и други јавни фирми и ПАРКИНЗИ ние на Совет ги носиме немој да се секираш дека некоја одлука директорот сам може да донесе, без нас не може ништо. Одиме со гласање по точка

ЈОСИФ СТОЈАНОВ: Вака сега со самото формирање на претпријатието "ПАРКИНЗИ" нормално беше дека истото и ќе биде во одредено време може и подолго во загуба, а најголемиот благодет од тоа формирање на претпријатието добивме ние граѓаните и нашата Општина, бидејќи се стави ред во сообраќајот, кој претходно го немаше. Како што рече и Градоначалникот и кој друг таму дека имаше колони , свирења , пцуења и триста чуда сега тоа го нема.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Да да со безбол палки иначе паркираме пред јавното претпријатие и имаше жртви по Кавадарци.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ај без довикување . Еден по еден .

ЈОСИФ СТОЈАНОВ: Не , не .Јас не се упуштив колега у твојот говор, јас ќе си го кажам мојто мислење и мислам дека треба да го почитујш тоа . Ако имаш нешто после тоа кажи.Така да претпријатието мора да му дајме подршка ни како Совет, а да се рационално секој да си ја искористе својата работна задача кај што е поставен, како што гледам и доста од нив и го поставуват, да фирмата, односно претпријатието ќе биде се подобро и подобро.Толку од мене.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само сакам да додадам извини.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам колега . Дали друг некој од колегите има за збор? Нема. Уште едно објаснување од страна на Градоначалникот и одиме со гласање.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас сакам само да ја информирам јавноста благодарение на овој Совет од 19 советници тука и на овој Градоначалник шо седе тука , претпријатието е јавно. Шо прајме ако беше јавно- приватно? Е тогаш ќе ги одеревме граѓаните.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: За тоа и Општина Кавадарци си плати пенали за таа позиција.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Воопшто не плати пенали Општина Кавадрци, го знајш договорот, само си ја врати концесијата, не плати пенали, доби дури донација пајак од Град Скопје благодарение еве на господинот Шилегов, кој што ни донира Град Скопје

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Кажите вие Градоначалниче ви колку време потрошите да се договорите со фирмата шо беше

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ја со со таа фирма исцрпив многу енергија, многу совети одржавме, многу кординации, значи не смејме да заборавиме дека јавното претпријатие претходно беше формирано јавно- приватно претпријатие, кај шо сега ќе беше 50 денари паркирање во центар за да си ја извадат платата, така да ова е јавно претпријатие секој еден денар што влегува у претпријатието, ќе се врати назад во општеството, во подобри паркиралишта, во подобро означени паркиралишта, во подобро паркинзи осветлени со видео надзори, со се.Така да , да не заборавиме дека ние успеавме да го направиме јавно претпријатие. Мојата теза е треба да има јавно-приватни претпријатија, ама не таму каде шо е монопол, кај шо е монопол, ако дадиме приватно-јавно партнерство, ќе имаме големи проблеми, така да оние небулози кои шо беа претходно пласирани од одредена група надвор од Кавадарци дека претпријатието за паркирање, незнам дел од Советот, дел Градоначалникот ќе го земел, па ќе било негово , незнам како, незнам што, еве се докажа и покажа дека тоа е само јавно претпријатие во сопственост на Општина Кавадарци и на граѓаните. Тоа е голем, голем успех, кој шо успеавме тој договор да го поништиме и јавно би се заблагодарил уште еднаш на господинот кој што е од Кавадарци и кој што имаше удел во тоа претпријатие, кој што наиде на разбирање со Општина Кавадарци и отстапи од неговите права , кои што претходно некој му ги дал, да го поништиме и да го напрајме јавно претпријатие . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Градоначалниче .Одиме со гласање . Точка број 17 . Кој е воздржан и против?

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Јас сум против за ова точка .

РИСТО САКАЛИЕВ : 1 против, 18 за .Благодарам .

18.Известување со арх.бр.22.23.6-925/1-21, за работата на Одделението за внатрешни работи-Кавадарци, за 2020 година;

Отварам расправа . Доколку никој
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Јас , јас.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ајде колега повели. За расправа Туриманџов.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Дали има некој претставник од Одделението за Внатрешни работи ? Дали е уклучен?
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега на Комисија имаше претставник, колешката Весна како Претседател на комисија ги има податоците, табелите што треба ако вие сакате да ги слушните и јавноста да ги отчита колку сообраќајки, колку погинати, колку
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:Не треба значи друго
РИСТО САКАЛИЕВ: Значи тоа се само табели и информации што МВР ги дава.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:Е така Претседателе. Добро , добро. Е така тоа е една работа , после на надолу наредни точки имаш завршни сметки еден куп, ниеден не ти е уклучен од директорите.
РИСТО САКАЛИЕВ: Вака колеги. Само да се договориме како колеги. Комисиски расправи вчера имаше, ни беа присутни сите директори .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Не за Комисиите , ти си подолногодишен у некое друго време директорите стоеа у ходникот.
РИСТО САКАЛИЕВ: Другото време беше полошо.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ако сакам еве да го питам директорот за завршна сметка , кого ќе го питам .
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА :Вчера имаше. Може ли Претседателе ?
РИСТО САКАЛИЕВ: Само момент. Колеги вака . Сега вака , значи воа за МВР ние треба да го гласаме , а после по Извештаите на училиштата вчера првпат од кога сум ја советник три мандати дојде сметководител овластен и многу добро презентираше и мислам дека советниците што беа во комисија беа презадоволни. Жената се понуди да дојде на седница и да биде отворено, ние и рековме нема потреба . Значи тоа е книговодителка што води книговодствено на неколку училишта .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ја не викам дека тоа не е така или тие завршни сметки ја знам дека тоа е така .
РИСТО САКАЛИЕВ :Колеги ние имаме завршни сметки у материјал .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Али ипак како членови на Совет ние имаме некоја политичка тежина.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ако треба нешто да се праша ќе ги прочитаме прашањата .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: За воа не сакам јас седници преку зум и преку онлајн. Значи се ка може да работе у градот, може и ни да работиме у киното .
ВЕСНА ЃОРЃЕВА: Може ли Претседателе збор да ми дадете?
РИСТО САКАЛИЕВ: Само момент ќе ви дадам . Колеги вака ќе и дадиме
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ Сега сакам да питам ти мене ми кажујш дошол книговодител , па ви објаснил убаво , еве ја вчера не можев да дојдам бев на работа
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ама јас мислам дека вчера ти не беше на работа , ти пишав оправдање за тоа .
ЛАЗАР ВТУРИМАНЏОВ : Е па бев на работа . Е па за твоја информација бев , ако имав оправдање бев .
РИСТО САКАЛИЕВ: Ај да одиме со точка .
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Може да земам збор.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Може Весне.

РИСТО САКАЛИЕВ :Повели колешке .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Извини Весне само уште воа да го кажам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ајде одиме со таа твоја расправа после . Да одиме со точка број 18.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Да ви кажам една работа . Не значи дека воа го реку ќе бидам против, ќе бидам за .
РИСТО САКАЛИЕВ: Да одиме со точка 18 колега после развивај дискусија за сите точки одеднаш.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ќе извините .
РИСТО САКАЛИЕВ: Ајде да одиме со колешката .
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: На Комисијата за безбедност беа присутни и Началникот на Полицијата и уште едно службено лице, кај шо беше кажано шо, ни беше одговорено на секое прашање што нас не интересираше. Комисијата од секоја политичка партија ние имаме членови во секоја комисија , а треба да имате кординација како политичка партија пред Совет да знајте шо се договарало, на шо се зборувало на Комисиите , така да сметам дека и преѓеска сега колега Лазар се демантираш со првото шо го кажа дека ситуацијата ни е лоша . Да точно, ногу ни е лоша во Кавадарци , ради тоа шо еве ја сега моментално ќе ве напуштам и ќе одам на два погреби и кај тетин и тетка, ми починаа , починати ми се, а ни да правиме седници со толку луѓе, со директори , физичко присуство мислам дека не е време .Вчера сите беа, ги закажаме Комисијата на пола саат по 3-4 училишта , така да сметам дека Комисиите поминаа добро и нема потреба сега барем у вија момент да идат за да ги прашујме директорите какви во делот на завршни сметки.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги ајде вака . Колешке ај да одиме со гласање со точка број 18.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Мене ми е многу жал шо г-ѓата Ѓорѓева ќе оде на погреб. Жал ми е .Значи мене ми беше друга поентата, сега г-ѓата Ѓорѓиева на Комисија бил, таму кој бил Началникот
ВЕСНА ЃОРЃЕВА: Да беа.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Командирот на Полициска Станица – Кавадарци го бира Совет на Општина Кавадарци, не го бира Комисија . Ја не викам физички да бидат присутни, ама барем може да се уклучат на зум, тоа можат да го направат . Зошто не го направат? Па ни ги бираме, ни му ги гласаме завршни сметки , програми за работа , се зависи од нас , досега не се вратени за ништо па може да го испоштуват Советот , па да се уклучат на зум. Јас знам дека има Комисија и ни сме кординирани знам шо сте правеле муабет на таа Комисија , ја немам никаков проблем за тоа , али може бре луѓе да се уклучат на зум . Зошто да не се уклучат на зум? Ка имаш тука 20 завршни сметки, они си седат дома , ни тука ќе си прајме муабет, еве ако сакаш да питаш нешто, а зошто, еве и Градоначалникот нема потреба да седе, па шо седе. Зошто па он да ни одговара на секое питање , па нека си оде, нека си брка работа и он. Не можеме да натераме еден директор да се уклуче на зум ајде немој молим те. Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги ајде одиме со точката број 18 Извештајот на МВР го давам на гласање .
Дали има против и воздржани? Нема , едногласно 19 за .
Колеги вака од 19 точка овие средни основни училишта можеме ли да ги дискутираме одеднаш, а поединечно да гласаме ?
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Може.

РИСТО САКАЛИЕВ: Да ви ги читам точките за сите училишта, една по една и после отварам заедничка расправа а гласање. Значи одиме . Колеги вака да не ги повторувам сите средни и основни училишта значи одиме со дискусија за трите средни училишта и за останатите основни училишта . Заедничка расправа, поединечно гласање.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Значи одиш до точката Рада Поцева .
РИСТО САКАЛИЕВ: Училиштата сите, па после Јавна Институција Рада Поцева и Дом на Култура, до 28.
Колеги одиме до точка број 28. Тоа се сите школи. Одиме со сите школи, а после одиме со институциите.Отвараме заедничка расправа по Извештаите, по годишните сметки , завршните сметки на сите училишта , а гласаме поединечно.
Дали некој бара збор ? Колеги доколку никој не бара збор, да одиме со гласање . Да ги читам сите точки и за секое училиште поединечно или
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ : Нема потреба бе Ристе, шо ќе читаш.
РИСТО САКАЛИЕВ: Значи годишните сметки на сите средни и основни училишта . Нема против , нема воздржани .Сите сме за.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ : Еве јас сум воздржан јас ќе бидам .
РИСТО САКАЛИЕВ: За сите точки за училиштата?
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: За сите точки воздржан .
РИСТО САКАЛИЕВ: 1 воздржан, останатите за и одиме сега со точка број 29 .
29.Годишна сметка на ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци за 2020 година;
Отварам расправа. Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Момент , момент.
РИСТО САКАЛИЕВ: Повели колега .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ Сакам да питам моментално знам дека иаме проблеми со деца шо сакат да одат у градинка . Сега дали е тоа заради ситуацијата и знам дека Директорката има големи проблеми. Како планират да го надминат тија проблем ?
Кој ќе ми одговоре ? Градоначалникот?
РИСТО САКАЛИЕВ: Повели Градоначалник.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван советник еве и заради јавноста
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Еве вака Градоначалниче, извини може си правеше муабет, значи глеате ли луѓе со какви проблеми се соочуваме , значи некој мора да ни одговоре на некое прашање. Извини Градоначалниче понеделникот има примено 12 деца у јасли или како се вика тоа, еве тука а гледам Душица , она е таму па може ќе ми одговоре , може и не е така , значи.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Ќе ви кажам ја после ако треба нешто.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Добро благодарам Душице. Вака сега .Ни успеаме како Совет и Градоначалник тија проблем да го неаме со децата шо го имаме у претходниот мандат, кај шо да запишиш дете у градинка беше стварно тешко, сеа тија проблем го неаме, сега ни се јави нас друг проблем со ова Ковидот, со короната . Има луѓе кои шо имат мали деца и нема кој да му го чува детто и сега луѓето ѕвонат, ѕвонат кај Градоначалникот, знае Градоначалникот некња се јави за едно дете, звонам ја , звонат сите .Значи иаме проблем . Јас имам еден близок пријател кај шо жента остана , мораше да си дае отказ за да го чува детето. Ја два-три пат ѕвонам кај Директорката, ајде последните два пати незнам , не можам да ја добијам, знам дека и она не е крива за сето тоа, знам дека некој друг условите ги ствара, ама значи ни иаме проблем.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Очигледно да .Значи проблемот е глобален . Времето е невреме, ние успеавме за 2 години од 1050 деца во градинка да сместиме 1600 благодарение на Советот , на Градоначалникот , на детската градинка, на централната власт успеавме да отвориме 12 занимални, да доградиме 2 објекти и во моментот градиме нова градинка со 160 деца капацитет, успеавме да отвориме градинка во Возарци, да отвориме градинка во Марена, успеавме да отвориме нова градинка во Здраствениот дом, доградба во Ваташката , доградба во Пепето и во моментот спремаме проекти за во село Дреново. Што е проблемот? Проблемот е 1600 деца според Протоколите на Комисија за заразни болести и Владата нас ни е дозволено максимален број на деца да имаме 500. Тоа е една третина од вкупниот број што може ние да ги примиме и згрижиме дечињата , значи зошто е тоа така ? Тоа е така ради тоа што групите шо беа 25-30 дечиња се намалени на 10, сега одобрија да бидат до 12 во група . Ниту еден Раководител , ниту еден негувател , ниту еден воспитувач не може да си земе за одговорност да стави 13 деца во групата, пошто ќе има недај боже и кривична одговорност, а можеби и материјална одговорност доколку се случи нешто друго. Протоколите во градинката се запазуваат и тука е проблемот што ни неможиме да го надминеме тоа . Два пати Директорката на градинката заедно со мене пуштаат допис до Комисија за заразни болести и до Министерството за труд и социјална политика, два пати сме одбиени за зголемување на бројот на дечиња во една група. На нашето аргументирање дека тие 500 дечиња, кои што се запишани доаѓаат само 300 во градинака,а 200 не доаѓаат од х причини , некое е болничко, некое од други работи дали може да запишиме 700, а да имаме 12 во група секогаш ? Не можиме и тоа да го направиме . Значи во ова време , невреме не можеме ништо да помогниме . 12 дечиња се плус примени , заради тоа што Директорката заедно со нејзиниот тим успеа една просторија, која што беше како помошна кујна , ми се чини дека беше .
ДУШИЦА КРСТИК: Трпезарија .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Трпезарија да ја пренамениме во занимална, така Душица?
ДУШИЦА КРСТИЌ: Да.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Така. Е за тоа се примија плус 12 од список и во моментот тоа е максималното шо може да го напрајме . Знам дека луѓе губат работа . Знам дека луѓе имат нервози . Не само тоа . Нашите дечиња кои што мора ги носиме во градинка да се социјализираат и да имаат дружба и сето тоа е во овој момент , е невозможно. Мораме да се стрпиме, да помине овој бран , после поминувањето на овој бран ние сме спремни како градинки и кадрово и капацитативно и финасиски да сите дечиња ги примиме во градинка . Мислам дека сме тука немоќни , јас ќе ви ги презентирам, ќе ви ги дадам двата дописа што ги пуштивме со Директорката коишто децидно сме одбиени од Комисијата за заразни болести и тоа е на ниво на цела држава и на цел свет.
Значи нема одговор на некои прашања, како да кажам еве идат луѓе кај мене прават притисок, кај вас како советници, како јавни чинители, значи не може да одговориме на секое прашање кога во моментот е пандемија , во моментов еве да и изразам и соочувство на советничката кај што кажува дека оди на два погреба , луѓе верувајте дека сакаме многу повеќе од тоа , меѓутоа да не вадиме нешто што можеме да го напрајме, пошто немоќни сме во тој дел. Со намалувањето на пандемијата и со зголемувањето на, односно разлабавувањето на мерките од Комисијата за заразни болести, верувајте јас

истиот момент би постапил по било кој Протокол да примиме дете плус во градинка, пошто е од големо значење. Благодарам.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Градоначалниче извини знаиш како ти викаш голем е градот, па јас ќе ти речам ни сме мал град. Многу е лошо на пример еве јас колку шо можам бранам у мојот домет , луѓето имат перцепција дека па се прават некои спискови , по партии , по ваму, по значи нема и сега знаиш како ѕвонат луѓе и ти викат еве ти име , презиме кои се виа 12 деца , за виа се јавил , виа за виа се јавил ниа, ме разбираш. Ја сето тоа му го објаснуам на луѓето дека нема спискови , нема ништо, ама ја знаиш шо, треба да напрајме нешто , значи стварно луѓето останат без работа .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Те разбирам во целост .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ : Еве на близок сопругата, си дади жента отказ, млада жена 32 годинио мораше да си дае отказ, зошто немаше дето кој да го чува, а 12 те деца се примени у понеделник. Зошто вика мојто и јас ...
ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа секогаш ќе биде така . Мојто дете е поубаво од твојто. Зошто мојто не е, има Протокол, има софтвер којшто го направивме и функционира да бидат во градинките , можеби на тоа што е примено и двајцата родители му се вработени и исти случај е тука , значи
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Имаше и таму, добро, ај да не завлеаме у
ГРАДОНАЧАЛНИК: Ја ве уверувам.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Може ја да објаснам , да дообјаснам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Само уште да се дообјаснам Душице, значи ве уверувам во едно дека за мене, а верувам и за вас сите дечиња се исти и тука не треба да прајме дискриминација . Тоа го спомна и советникот Туриманџов, кадешто претходно се правеле спискови, па и политички, па и партиски лобирања , па и било како, тоа не постои и нема да постои . Ова е јавна институција . Оваа институција мора да функционира . Само едно да знаете градинката не е во добра состојба општо и Министерството за труд и социјална политика, ние имаме 500 деца на список, а 240 вработени луѓе. Значи тие вработени таму нема шо да работат, како да ви кажам на секое дете има вработен, не може да ги отпуштиме и вработените . Така да мора да помине ова сето за да стигниме на тоа што треба . Јас ми доаѓа Министерот за правда , морам да го пречекам доле, да го испочитувам пошто е од централната власт , Кавадарци е голем град , сите министри доаѓаат тука , благодарение на вас советниците и на Градоначалникот . Ви благодарам многу, ќе го поздравам Министерот од вас . Бидете здрави, живи, се гледаме.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник . Колеги ајде сега да одиме со
ДУШИЦА КРСТИЌ: Ристо Претседателе може да му дообјаснам само на Туриманџов, јас мислам го сфана .
РИСТО САКАЛИЕВ: Јасно му е колешке . Мислам дека му е јасно.Ако има потеба он нека каже ќе те пуштам да му дообјасниш .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Не , не нема потреба.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ако нема потреба колешке да не си го трошиме зборот. Одиме со гласање.
Годишна сметка на ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци за 2020 година;
Дали има воздржани и против?
ПЕРО НИКОЛОВ :Ристо ја воздржан .
РИСТО САКАЛИЕВ: 1 воздржан , 18 за.
30. Годишна сметка на ЈОУ Дом на култура,,Иван Мазов -Климе,,Кавадарци за 2020 година;

Отварам расправа . Нема за збор . Одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема . 19 за.
31. Годишен Извештај со арх.бр.02-38/1 од 25.02.2021 година, за работа на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов-Климе,, Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов-Климе,, Кавадарци;
Одиме со расправа . Нема за збор .Одиме со гласање . Воздржани и против нема . 19 за.
32. Годишна сметка на ЈОУ Библиотека,,Феткин,, Кавадарци за 2020 година;
Колеги отварам расправа. Не бара никој збор . Ја ставам на гласање. 19 за.
33. Извештај со арх.02-35/2 од 24.02.2021 година за работа на ЈОУ Библиотека,,Феткин,, Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Библиотека,,Феткин,, Кавадарци ;
Колеги отварам расправа . Не бара никој збор. Ја ставам на гласање .Нема воздржани и против . 19 за .
34. Годишна сметка на ЈОУ,,Локален Музеј Галерија,,Кавадарци за 2020 година;
Отварам расправа , Не бара никој збор ја ставам на гласање . 19 за .
35. Годишна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2020 година;
Отварам расправа. Не бара никој збор. Ја ставам на гласање. Нема воздржани и против. 19 за .
36. Годишен Извештај со арх.бр.02-19/3 од 22.02.2021 за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци ;
Отварам расправа .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ја сакам нешто да кажам .
РИСТО САКАЛИЕВ :Повели, повели колега.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Вака ќе бидам краток .
РИСТО САКАЛИЕВ :Ајде .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Еве еден апел до г-ѓата Раководител на Винскиот Музеј Весела Честојева мислам дека се вика, бев сведок на последниот Св. Трифун и еден апел, ја знам дека жента не од Кавадарци, дека е од Демир Капија или од Неготино, не знам од каде и мене шо ми запречи прво и прво како човек и како советник. Раководителот на Винскиот Музеј појма нема кои се советници у Општина Кавадарци една работа, значи и гласаме Програма за работа , Годишен Извештај , Финансов Извештај , Завршна сметка , мислам дека треба да знае кои се советници у Општина Кавадарци, тоа треба да го знае. Друга една работа таму беше присутен човекот шо е сопственик на една од најголемите винарски визби во Македонија, човекот е производител на најмногу грозје во Република Македонија, значи никој не најди засходно да дојде до човекот , да го пита нешто, тоа е г-динот Ристо Милев. Г-динот Ристо Милев е како да ви кажам за лозарството во Кавадарци поим. Ја не веруам дека г-ѓата Раководител на Винскиот Музеј знае кој е Ристо Милев . Такви луѓе нас ни требат, на такви луѓе треба да му се одава чест, на такви манифестации. Ако сум бил јас Раководител прво ќе му ги дадев маказите да закрое г-динот Ристо Милев. Апел уште еднаш до г-ѓата Раководител прво нека запознае колку советници има у Општина Кавадарци, не не знае , може знае неколку, од она што има контакти со неколку. Јас и еден советник од нашта советничка група сите таму добија рекламни материјали , жента нас не не познава, ја не сакам да ми дава рекламен материјал, значи не не

познава. Тоа е лоша слика .Ти да не му даиш рекламен материјал на Ристо Милев. Брука невидена, а ваму ќе тераме вински туризам . Со кого ќе тераме вински туризам ? Со луѓе шо немат една лозница дома?
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ајде одиме по Извештајот .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Па за тоа Претседателе ви викам треба да се уклучат бар и они на зум, да видат малце, ама знаиш зошто е воа вака? Сите советници, 19 луѓе шо сме и од ВМРО и од СДСтурите си го прстот на главата зошто воа вака ни го прават? За тоа шо му ги миниме сите одлуки , му миниме се, само шо вика Градоначалникот у интерес на градот, у интерес на воа , у интерес на ноа и еве се доведиме у ваква ситуација , само ни да се уклучујме 19 души, немате ни еден Раководител и Директор уклучено, немаш шо да питаш, нема кој да ти одговоре, еве Градоначалникот си замина, кој ќе ти одговоре сега ? Е за тоа се бунам јас .
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега имаш у овој дел и некое право, ама беше многу невреме , беше многу ладно. Директорката ипак е скоро .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ристе тоа не е оправдување да не знаиш кои се луѓето шо ти гласат Годишни Програми, ипак таа Директорка зима 45 000 денара плата . Нашиот мандат ќе заврше за 3-4 месеца, ќе дојдат некои други.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Не може Раководител на јавно претпријатие да не ги знае луѓето шо а гласат бе човече . Тоа е срамота, тоа не е допусливо. Не може Раководител на Вински Музеј, ќе развива туризам со лозарство, со вино, со грозје, Ристо Милев ти стое настрана човече , има 15 000 000 грозје човече, 15 000 000 кг. ни треба таквите да ги носиме на раци, а не човекот настрана, никој не го понуди со чашка вино, не го понудија човекот , никој не му речи па дојди Директоре, влези унатре , воа е твојта бранша. Па срамота бе . 45 000 денара плата зима некој .
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ај вака сега . Ај да видиме дали по Годишниот Извештај има уште некој да збори?Ако нема ние се надеваме дека Директорката воа ќе го свати поучно, дека не е злонамерно.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Гласам против само поради тоа .
РИСТО САКАЛИЕВ: Имаме ние таму па и вработени . Јас од Зоки , сега да го прозивам сум презадоволен, уредно постапуваше , Директорката малку беше исплашена и од присуството на Министерот и е почетничка во оваа работа , али има капацитет во нејзе и мислиме дека ефектот ќе го постигне во наредниот период.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Претседателе јас не реков дека жената е стручна или не е стручна, воа се работи, финеси кои некој требе да ги поправе .
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега да, ама ни сега се учиме. Сега е тоа нова институција. Колешката е нова . Се надеваме дека ќе има подобрување .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Па не е и така нова колешката.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ај да бидеме
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Може јас Претседателе ?
РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке штом спомнуваш ВМРО и јас Претседателе ти сакаш политички муабет да правиш повели.
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Не е точно, значи прво и прво, една забелешка, така , конструктивна на колегата Лазар Туриманџов. Значи уредно е, првин да ја поканиме да присуствуе на зум, познавајќи ја Директорката , сметам дека не е поканета, ако била поканета сигурно ќе била уклучена , затоа шо она беше една од најажурните , чекаше по 5 саати

за Комисија , у времето кога немаше корона само за да ни го образложе проектот. Значи жената сама го направи, сите работи сама ги истрчка, точно сега има вработен меѓутоа до скоро беше сама и бев на таа Манифестација и сметам дека не е во ред, значи дури и
РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке ...
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Момент Претседателе не ме прекинувај
РИСТО САКАЛИЕВ: Добро не те прекинувам, ќе ти дадам , ама да не одиме во дискусии.
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Зошто не ја прекинате претходната дискусија на колегата Туриманџов, сега мене ме прекинујте.
РИСТО САКАЛИЕВ: Оди само по Извештајот. Нема да ве прекинам , ќе ви дадам, ама
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: По Извештајот значи сметам дека треба да кажам и плус до вас имам забелешка Претседателе. Не се работе за личност која што е нова у ваа бранша , значи апсолутно го водеше еден од најголемите музеи у државата , значи не може да кажиме дека таа е нова и дека не се носе со улогата. По мене значи направи една голема работа, еден Регионален Вински Музеј кај што се вклучени сите, јас се сложуам дека сопственикот на Винаријата Гоце Делчев Тиквеш секако требело да биде удостоен, меѓутоа имаше повеќе луѓе , ради короната сите беа разделени, ради лошите временски услови, претпоставуам дека е ненамерен пропуст, а у врска со тоа шо директорите не ги познават советниците, јас би му кажала на колегата Галис односно, се извинувам на колегата Лазар Туриманџов дека има голем дел од директорите коишто и мене не ме познават и не ме поздравуват, па не сум ставила тоа , ги гласав нивните извештаи и завршни сметки за работа, значи тоа е наш пропуст
РИСТО САКАЛИЕВ :Колешке ај да не прајме
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Полека, значи јас сметам дека е наш пропуст, значи они не не познават точно и у тиа дел колега Лазар се сложуам со вас, затоа шо ни нивните извештаи и годишни сметки ги гласаме едногласно, точно и се сложуам дека не сме ги викнале, не , не сме ги поканиле можеби, не знам можеби се поканети, може не не удостоиле , не сум у тек , значи, меѓутоа коа ќе го разгледаме нивното работење, нивниот Извештај за работење , годишната сметка, кога ќе видиме , ќе не познават сите,а вака значи Претседателот Ристо Сакалиев ќе ги слушне Извештаите и че не известе, вака стручно дека сите се у ред и дека може да ги гласаме . И уште една забелешка се работе за годишни завршни сметки, значи не сметам дека треба да се гласат заедно . У случајот со училиштата сметам дека направивте Деловнички Прекршок, значи не можете сите завршни сметки да ги изгласаме заедно. Благодарам .
РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке вака сега . Ние рековме заедничка расправа и ја ве замолив да гласаме по бројка, немаше никој ниту за дискусија, ниту против, ниту воздржани , значи поединечно сите се изгласани . Јас сакам овој мандат да се пофалам, баш со изборот на директорите. Овој мандат имаме феноменални и мојата соработка со Директорката од Винскиот Музеј е добра , никогаш на повик не дошла , не донела материјал , значи она работи добро, сега шо околностите се такви, направила некоја грешка, ние не треба да ја казниме, туку тоа да и биде напомена и уште да и дадеме морал да оди подобро натаму.Дај да не одиме веќе со такви дискусии да ги каректеризиране директорите по тоа шо не ми рекла Добар ден , Извештајот е добар , направен професионално, овие програми што ги прави, настани ги

прави добри, вие сега да речиме одиме со гласање на Извештај, по другите точки да не расправаме, каков е директорот, дали рекол Добар ден , дали бил ВМРО или дали бил СДС.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Претседателе , Претседателе .Јас че се вклучам. Значи не сакам да бидам лошо сваната на Туриманџовци, на Анита Гинова Каракутова значи се сложувам со тоа . Значи рековме дека советниците се коректор на работењето на Градоначалникот и на администацијата во Општина. Значи да не се залажуваме, не сакаме нас да ни се клањаат, значи сакаме како што ни ги почитуваме нив и тие нас. Не е тешко тоа.
РИСТО САКАЛИЕВ :Вие сте сите тројца сте у право.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Не е тешко тоа, затоа што еве бев јаа присутна и во средата и во четвртокот така ли е Претседателе?
РИСТО САКАЛИЕВ: Да .
ДУШИЦА КРСТИЌ: Е сега колку бевме тие што можевме да дојдиме така?
РИСТО САКАЛИЕВ :Да
ДУШИЦА КРСТИЌ: Е сега по кој најногу трчаа? По вас Претседателе. Ние таму што бевме? Декор? Ви се молам? Ајде малку поинаку да ги сватиме работите.Значи ви сте постојано таму.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке , колешке.
ДУШИЦА КРСТИЌ Во ред е , ама чисто авторитетот го имаме сите и како професионалци во својата работа, меѓутоа треба да знаат кои се советници во Општина Кавадарци. Не треба ние да се наметнуваме .
РИСТО САКЛИЕВ: Ај вака сега
ДУШИЦА КРСТИЌ: Само толку.
РИСТО САКАЛИЕВ: По автоматизам Градоначалникот има притисок, може и ја имам притисок , ама да си најдиме па и ние сите по една мана , ја може имам најповеќе, еве ја нека имам како сите 19, а вие сите по една . Дали некој од советниците отишол у некоја институција, да бара било каков документ или било каков разговор или каков состанок да е одбиен? Ја не сум. Сега и ние да си најдиме некоја мана, не само чекаме да си дојде Седница, да претрчаме Комисија,Ако влезиш у детаљи, јас постојано у Општина и до 5 саатот и навечер сум со луѓе, со институции, со директори, мене ме познаваат , ај малку и ние да се критикуваме дека и ние баш не сме китка за мирисање, речено по наше . Да бидиме позитивни и да викаме дека ќе одиме напред .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Претседателе мислам дека констатацијата ти е скроз грешка и
РИСТО САКАЛИЕВ :Не ми е грешка , знам шо сакаш да кажиш, ама неќу од моја уста колега.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: И дискусијата на г-ѓата Каракутова и ѓ-ѓата Крстиќ ако ги слушаше внимателно. Значи никој на никој не му прае притисок . Мојта дискусија беше 80 % за Гоце Делчев претпријатието, ако виќе тргниме да прајме Вински Музеј, да прајме туризам со вино, со грозје, значи , тоа се луѓето шо мора да бидат напред.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги да , ама само една работа.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Никаков притисок ни на еден директор не сакам да му праам, ниту пак ќе му праам. Тоа не моа работа . Како да ти кажам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ја ве сваќам , јас сум секогаш. Колега ајде вака
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ама шо спомена г-ѓата Крстиќ сите директори треба да знаат кои се советници у Општина Кавадарци. Сеа како да ти кажам сеа.Ти одма тргна притисок, вака , никој на никој не му прае.

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: За воа се слагаме сите .Треба да не знаат и ја су за тоа .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Како сеа, ја треба да го знаам кој е директор, како јас одма ми кажате ќе биде Весела Честоева , па се информирам коа е жента , па се информирав од Анита , била пратеник, ја се информирав, ја не спомнав за жента ништо лошо,дали а бива или не а бива, воа или ноа, али не е лошо жена дојдена од друга општина , може е уште рано, не ги познава луѓето у Кавадарци, не е лошо да си ги запознае, бар вија шо се заимават со грозје, лозје, бар тија големи капацитети шо имат луѓе .
ДУШИЦА КРСТИЌ: Или требал некој да и посоче .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Или па шо вика Душица , требело некој да и каже.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Требеше реално да правиме муабет шо вика ајде да не се здржуваме на ваа точка, стварно врнеше снег и глетката беше прекрасна , а истовремено беше малку специфична ситуацијата со идење и доаѓање, така со маски, со капи со шалеви, така ете може ете се направило некој пропуст, меѓутоа да не.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Уште еднаш на жента кога ќе и пренесуат само
РИСТО САКАЛИЕВ :Колеги ај еден по еден да не одиме сите одеднаш .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:Ристо балагодарам . Само да и кажат позитивна критика, воа не е негативно.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги ајде вака . Ајде бараме збор и да одиме еден по еден. Ова почна како пазар да личи.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Ајде, ајде.
РИСТО САКАЛИЕВ: Си кажаме,јас како Претседател секогаш сум од страната на советниците, ама ние треба да бидеме и самокритични некогаш.
Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Туриманџов ти не си воздржан, не си против? Значи си за, другите за , 19.
37.Годишна сметка на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за 2020 година;
Ние веќе ја искоментиравме . Ако има некој
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:Ја си го кажав мојто и ќе бидам пак против, така да .
РИСТО САКАЛИЕВ: Дали има друг околу сметка, трошкови приходи ? Нема .Одиме со гласање .Воздржани и против дали има? Нема . Едногласно за.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ја сум против Ристо ти кажав.
РИСТО САКАЛИЕВ :Се извинувам колега . 1 против, 18 за.
38. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на подружница на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ ,, Кавадарци;
Отварам расправа.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Шо подружница ќе биде воа?
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Да ако може кратко објаснување за шо се работе.Исто и мене не ми е јасно.
РИСТО САКАЛИЕВ: Чекајте ви одеднаш јас сакам збор.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Ќе ви објасне сега Ленчето.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ајде Ленче нека објасне ајде правничке повели.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Нас вчера ни објасни.
РИСТО САКАЛИЕВ: Прочитано ми е мене . Само бидете внимателни да ја прочита Одлуката.

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Одлуката произлегува од промената на одговорното лице на подружницата на Јавното претпријатие, за депото, каде шо се паркират овие возилата хаварисаните шо се носат , запленети.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Значи воа кај шо се гражите така?

РИСТО САКАЛИЕВ: Кај шо се гражите , кај шо има запленети возила и овие.

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА Тоа е регистрирана подружница, сега се менува само овластеното лице, наместо досегашниот Директор сега е в.д Директор.

РИСТО САКАЛИЕВ Доаѓа од промената на Директорот.

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Потребно е за Централен Регистер да помине локацијата со оваа Одлука .

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги одиме. Дали има уште друг за збор? Доколку нема одиме со гласање. Има ли воздржани и против ?

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Против ќе бидам ти кажав ја ќе бидам за сите ПАРКИНГ ваа седница .

РИСТО САКАЛИЕВ:Колега добро.18 за , 1 воздржан.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Против.

РИСТО САКАЛИЕВ: Против се извинувам .

39.Одлука со арх.бр.03-66/3 од 18.02.2021 година, за отуѓување на стари и неупотребливи ствари, донесена од Управен одбор на ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци ;

19 за.

40. Годишен Извештај за работа на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Одиме со расправа.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Јас. Еве гледам дека Директорот е уклучен .

РИСТО САКАЛИЕВ: Ако не е уклучен ќе го бараме на телефон .и ќе го тераме да се уклуче . Повели.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Добро благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги да одиме со расправа и за Годишната сметка, ради тоа шо Годишниот Извештај и Годишната сметка е едно те исто. Се слагаме ?

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Е не е така Ристе едно те исто, туку ај терај .

41. Годишна сметка на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2020 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Ај двете точки ги дискутираме одеднаш, се исцрпуваат сите дискусии од советниците и Директорот ќе го побараме ако има нешто за да одговори. Повели. Туриманџов повели колега.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Не благодарам, благодарам Претседателе нема виќе шо да коментирам . Тоа е тоа.

РИСТО САКАЛИЕВ: Добро одиме колеги по овие две точки со гласање . Ја гласаме 40 точка.

Годишен Извештај за работа на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2020 година.

Воздржани и против нема . 19 за.

41 точка. Одиме со гласање . Нема воздржани и против. 19 за .

42 .Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на мини пазарче даден на времено користење на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци за вршење на дејноста со арх.бр. 02-2536/6 од 27.12.2019 година;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема 19 за.

43. Одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за комунални работи,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Управен Одбор Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Нема воздржани и против, 19 за .

44. Одлука за изменување на Одлуката за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам расправа . Не бара никој збор . Се извинувам Блаже Тасев дали бараше збор? Не бара. Одиме со гласање .Има ли воздржани и против? Нема 19 за.

45. Одлука со арх.бр.02 02/4 од 11.11.2020 година за усвојување на Статут на КСП Подиум –Јадро, Кавадарци, донесена од Управен Одбор на КСП Подиум – Јадро, Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање . Нема воздржани и против. 19 за .

46. Завршна сметка на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци за 2020 година;

Одиме со расправа. Не бара никој збор . Одиме со гласање .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Еве јас да го питаме Претседателот на Советот.

РИСТО САКАЛИЕВ: Повели колега .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Како е ситуацијата со Јасмин, сега корона има, какви се размислувањата?

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги значи ЈП Јасмин како единствена сала во Кавадарци работи, овие училишните не работат, по сите протоколи што ги пропишуваат државните институции. Малку се отежнати условите, ради тоа шо меѓу термините имаме празни одови ради дезинфекција, ради други мерки шо ги превзеаме, сме уште во кондиција и се надеваме дека короната ќе попушти и годината да ја завршиме со позитивна сметка , како шо и ова прикажаната. Друго колега?

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:Така е Претседателе, благодарам на информацијата .

Одиме со гласање се надевам дека нема воздржани и против. 19 за.

47. Годишен Извештај за постапување со отпад ;

Отварам расправа. Нема за збор. Нема ниту против и воздржани за гласање. 19 за.

48. Предлог-Одлука за прифаќање и реализација на проектот,,Градска Винотека"

Одиме со расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој збор.

Одиме со гласање.Нема воздржани, нема против. 19 за.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ја ќе бидам против , како шо бев досега. на двете и па ќе бидам .

РИСТО САКАЛИЕВ:Добро 18 за.

49.Предлог-Одлука за усвојување на предлозите за уписна политика за Средните Општински училишта во општина Кавадарци.

Отварам расправа .Не бара никој збор . Одиме со гласање. Дали има против и воздржани?

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Ја се извинуам . Не е у врска со точката, меѓутоа во врска со школите . Ако може една сугестија Претседателе да ве задолжиме да пренесите до училиштата. Иаме и од таа афела советници, еве и до нив, професорот е тука Ташев веруам значи и други професори иаме. Во изминатата недела интензивно одат децата на систематски прегледи . Јас знам дека тоа е регуларен систематски преглед , меѓутоа дали е добро у ваа состојба на пандемија , па еве и ни седниците ги држиме онлајн на зум, децата се мешат и да одат на систематски преглед баш у старата болница, како ќе а речиме Здраствен Дом поранешен, каде шо се тестират од корона и дали е соодветен терминот, не знам дали е тоа насока од Министерството за здраство или тука наша локална насока, би замолила да се провере и доколку може тие термини да се поместат за еден месец, два, мислам децата се тука, не бегат, зошто да ги стааме непотребно у ризик.

ДУШИЦА КРСТИЌ: Аните во училници може да се спреме, во секое училиште да се оде со тимови, да се направе систематски преглед. Порано така беше.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги вака. Ај вака. Сега ние имаме систематски преглед кај шо има професионални доктори и тие си имаат ред, секогаш имаат пациенти, дали е систематски преглед илие обично прегледување, тие си одат по протоколи, по програми и може и у ова време кога одиш на систематски преглед е добро, кога мислиш дека не ти е ништо, ама ќе испадне дека имаш нешто и превентивно докторот ќе те упате како да се понашаш. По мое мислење.

ДУШИЦА КРСТИЌ: Да се смене локацијата.

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Претседателе систематски преглед се одржуе у просторијата која се наоѓа во непосредна близина на лабораторијата, очигледно децата ти се мали и не знаиш кај се оде на систематски преглед.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке ама тоа

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Значи у кругот на болницата е . Зошто да ги изложујме непотребно на ризик? Само сугестија дадов, значи да се провере и да се виде дали е од толку ургентно значење сега баш вија систематски прегледи.

РИСТО САКАЛИЕВ: Тоа ќе видиме .Анита

ДУШИЦА КРСТИЌ: У забелешка нека влезе.

РИСТО САКАЛИЕВ: У забелешка, надвор од дневен ред. Ние ковидот тестирањето е до Партизан салата. Изолирано е од сите таму простории на болницата , не е у кругот.Значи просторија оваа е башка.

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Без оглед значи иаме .

РИСТО САКАЛИЕВ: Готово го стааме во забелешка

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Иаме 28 деца кои одат таму. Значи они џабе се на онлајн настава , доколку сите се соберат за системтски преглед.

РИСТО САКАЛИЕВ: Кој ги тера сите одеднаш да одат? Нека бидат едно по едно. Ај ние ќе напрајме контакт на Директорите преку овде службите наши шо

се одредени за таа работа да ги исконтактираат и да видат како се имат организирано.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Да во забелешка .
РИСТО САКАЛИЕВ: Да во забелешка, надвор од ова што го збориме .
Сега одиме со гласање на точка 49. 19 за.
50. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци движна ствар-автобус на едно ниво.
19 за.

51. Предлог-Одлука за отстапување на трајно користење без надоместок, недвижна ствар-пречистителна станица за вода за пиење на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци

Одиме со гласање . 19 за .

52. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Нема воздржани и против. 19 за.

53. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за давање на користење на објектите за спорт во рамки на општинските основни и средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци;
Отварам расправа. Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема , 19 за.
54. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за издавање под закуп на училишен простор во Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци;
Ја ставам, ја пуштам во расправа. Дали некој бара збор?
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Рики .
РИСТО САКАЛИЕВ: Повели.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ај баш ме интересира шо е воа. Воа салите ли се ?
РИСТО САКАЛИЕВ: Драги сите мандати сите советници носат некоја одлука за издавање на салите под кирија , им ставаме некоја цена , па после тие одат со наддавање, а оваа одлука е таму за некое уредување на Гимназијата, на школскиот двор.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Ај Ленчето нека објасне накратко, да му објасне, не беше .
РИСТО САКАЛИЕВ: Ајде Ленчето да објасне ако сака. Повели колешке .
ДУШИЦА КРСТИЌ: Оти е ногу убав проектот.
РИСТО САКАЛИЕВ: Знам дека е убав. Издржан е проектот. Го гледавме вчера на Комисија. У кратки црти Ленче .
ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Предложени две точки за измена на Правилникот и на Одлуката се на барање на Гимназијата Добри Даскалов заради понуден проект за спортска инвестиција во училишниот двор на Гимназијата од страна на Здружение Фудбалски Клуб. Значи тоа Здружение има понудено Проект, проектот ви е доставен во е-маил, кој шо може да го видите, кој шо сака да инвестира во кругот на Гимназијата , значи инвестиција и барање да го земе

просторот под закуп, значи тоа шо ќе го инвестира . Досега во Правилникот и во Одлуката по случај на инвестициони вложувања поголеми од 10 000 евра периодот на издавање ни беше термиран најмногу на 5 години, сега на предлог на Гимназијата тие 5 години се заменуваат со 10 години, значи доколку закупецот инвестира или вложи инвестициони вложувања поголеми вложувања од 10 000 евра го качуваме прагот на користење на просторот до 10 години.

ДУШИЦА КРСТИЌ: Воа станува збор Ленче за сите игралишта што се надвор?

РИСТО САКАЛИЕВ: Да, па не за сите, конкретно за Гимназијата колеги. Тоа оди како што е горе у Јасмин салата .

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Предлогот е на Гимназијата , ама ни начелно во случај на инвестициони вложувања , значи тоа би значело за сите основни школи, за сите средни школи. Одлуката ти е општ акт за однесување. Се однесува за сите основни и средни училишта .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Значи да дефинираме шо значи тоа. Шо планират да праат? Балон ли планират?

РИСТО САКАЛИЕВ: Како шо беше у Јасмин ова горе, Црна Река стави балон за тенис и тој го користи .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Вака сеа да не испадне дека ни си ги читаме материјалите, ипак е ова јавна работа,ова е Совет на Општината и граѓаните треба да знаат за што станува збор. Ако се праве балон, значи тоа е добра работа .

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Детално е објаснет проектот за шо се работе . Станува збор за некоја зелена трева стават, фудбалско игралиште.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги стават трава, воа шо го викат вештачка, асфалт е тоа игралиште и неупотребливо сеа малку поископано.

ДУШИЦА КРСТИЌ: Фактички ќе го средат .

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Наменско фудбалско игралиште, кое може да се користе освен за учениците од Гимназијата, значи во периодот после настава значи да се користе од страна на спортски клуб.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Значи овој проект ќе го прави бившиот фудбалер Борев така?

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Здружение Фудбалски Клуб Карпошово 1689 бб Скопје .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Да, да мислам тое е, он има кавадаречко потекло, мислам дека е од Ваташа човекот .

ДУШИЦА КРСТИЌ:Важно ќе биде средена Гимназијата убаво тој дел шо не е. Игралиштата сите значи ќе добијат некое ново руво,значи ние сме пак во добивка .

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: И за поголема искористеност, после периодот од 10 години ќе може да се користе и останува на Гимназијата, значи на Општината инвестицијата.

РИСТО САКАЛИЕВ: Одиме со гласање , ако нема друг за дискусија по точка 54. Дали има против?

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Може уште не, јас се извинувам после 10 години ќе остане у користење на Гимназијата, а сеа, а овие 10 години он го стопанисуе ? Не ми е јасно.

ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Па ќе биде закуп да. Во периодот после користењето, после наставата .
РИСТО САКАЛИЕВ: Значи училиштето кога е на настава го користи, после
ДУШИЦА КРСТИЌ: Го користе училиштето 10 години, само после завршување на часевите , поручек го зима под закуп .
РИСТО САКАЛИЕВ: Како шо ги давате спортските сали на спортските здрушенија после настава под закуп, ова исто. Исто само што и овој го уредува , овие ние ги даваме уредени.
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: А договор за закуп
РИСТО САКАЛИЕВ: Па мора да има било каков закуп
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: А која му е формата ? Тоа е битно, затоа ви реков да дообјасните .
ДУШИЦА КРСТИЌ: Опишано е у ваквото Аните .
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Значи во интерес на јавноста . Ние сме избрани од граѓаните . Треба да знаат граѓаните така?
РИСТО САКАЛИЕВ: Нели пишува согласно издавањето под закуп така? Тоа е закуп уреден само преку норми , шо дават после училиште значи без да смета на наставата .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Или некој ако сака да спортуе на тоа игралиште после тоа, значи треба да си плате така ли е?
РИСТО САКАЛИЕВ: Значи треба да си плате или да се учлене у тој клуб, тое е негово.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Како комерцијална услуга ќе се воде , значи нема да биде тоа кој како сака да си влева , па да си трча таму. И да сакаш да трчиш после школото таму, че си платиш.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Па затоа и ќе биде зачувано.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги ај да одиме со гласање, ако нема друг за дискусија по точка 54 . Има ли воздржани и против? Нема , 19 за .

55. Одлука со арх.бр.02-39/2 од 19.02.2021 година за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема, донесена од Училишен Одбор на ООУ,,Гоце Делчев,, Кавадарци.

Отварам расправа. Нема никој за збор. Одиме со гласање . 19 за.

Со ова е исцрпен Дневниот ред. Колеги ја завршувам седницата.. Ви посакувам убав викенд.

**Изготвил: Анета Рамова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Сакалиев**